**20150952945**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 116 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14 и 115/14), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ

Член 1

Со оваа програма се пропишува содржината на областите по кои се полага испитот за овластување за овластен геодет.

Член 2

Програмата за полагање на испит за овластување за овластен геодет ја сочинуваат четири области:

I. Основни геодетски работи и картографија;

II. Катастарски планови и планови на инфраструктурни објекти;

III. Премер, геодетски работи за посебни намени, геодетски елаборати и електронски деловодник и

IV. Катастар на недвижности и уредување и управување со недвижности.

Член 3

I. ОСНОВНИ ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ И КАРТОГРАФИЈА:

1. Опфат на основните геодетски работи.
2. Државен референтен систем.
3. Геодетски референтни мрежи.
4. Просторен референтен систем.
5. Активна GNSS мрежа во Република Македонија – МАКПОС.
6. Пасивна GNSS мрежа во Република Македонија - МАКРЕФ.
7. Хоризонтален референтен систем.
8. Тригонометриски мрежи.
9. Градски тригонометриски мрежи.
10. Полигонометриски мрежи.
11. Полигонски мрежи.
12. Мрежи на ориентациски точки.
13. Одредување на поединечни геодетски точки.
14. Вертикален референтен систем.
15. Мрежа на нивелман од висока точност.
16. Локални нивелмански мрежи.
17. Гравиметриски референтен систем.
18. Апсолутна гравиметриска мрежа.
19. Релативна гравиметриска мрежа.
20. Астрономски референтен систем.
21. Поставување и одржување на точките од геодетските референтни мрежи.
22. Чување на точките од геодетските референтни мрежи.
23. Оштетување, поместување или уништување на точките од геодетските референтни мрежи.

24. Геодетски елаборат за основни геодетски работи.
25. Метаподатоци за геодетските точки.
26. Редефинирање на референтните системи.
27. Поим, надлежен орган, размер и видови на топографски карти.
28. Математичка основа и картографска проекција.
29. Топографски премер - премер за изработка на топграфски карти, метода и опфат на топографскиот премер.
30. Аерофотограметриска метода на снимање.
31. Теренски работи.
32. Аеротриангулација.
33. Контрола на податоците од аерофограметриското снимање и на геодетските елаборати од одредувањето на ориентациски точки, дешифрацијата и аеротриангулацијата.
34. Топографска база на податоци.
35. Картирање на содржината на топографската карта.
36. Картографска обработка на податоците.
37. Контрола на топографските податоци.
38. Ажурирање и генерализација на топографските карти и изработка на ортофото и тематски карти.
39. Картографски производи.

ПРОПИСИ:

- Закон за катастар на недвижности со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14 и 115/14);
- Правилник за основни геодетски работи („Службен весник на Република Македонија“ број 151/13);
- Правилник за начинот на изготвување на топографските карти, орто фото планови и карти и картографски производи („Службен весник на Република Македонија“ број 159/13);

II. КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ И ПЛАНОВИ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ:

1. Обработка, обликување и визуелизација на податоците од премерот.
2. Дигитализација на катастарските планови.
3. Дефиниции на изрази употребени во Правилникот за катастарски планови и планови на инфраструктурни објекти.
4. Поделба на плановите.
5. Референтни компоненти на катастарските планови и на плановите на инфраструктурни објекти, еднозначност на референтните компоненти.
6. Заземање на референтните компоненти кај аналогните катастарски планови (во натамошниот текст: АКП) и заземање на референтните компоненти кај дигиталните катастарски планови (во натамошниот текст: ДКП) и плановите на инфраструктурни објекти (во натамошниот текст: ПИО).
7. Интеграција на ДКП со растерски и векторски формат на записи.
8. Поделба на катастарските планови и основни елементи на катастарските планови.
9. Дефинирање на недвижноста на катастарскиот план.
10. АКП – подрачје и размер.
11. Архивски и работни оригинали на АКП.
12. Содржина на АКП.
13. Прибирање на податоците за АКП.
14. Методологија на изработка и одржување на АКП и точност на содржината на АКП.

15. Избор на методологија за картирање.
16. Начин на вршење промени во содржината на АКП во одржување на катастарот на недвижности.
17. Промени на АКП, точност на промените на АКП.
18. ДКП-Форма на ДКП.
19. ДКП во растерска форма (во натамошниот текст: ДКПР)-Скенирање и георефеленцирање на АКП.
20. Формат на запис на ДКПР.
21. Пресликување на АКП во ДКПР и референтни компоненти на ДКПР.
22. Скенирање на АКП, резолуција на скенирање на АКП.
23. Геореференцирање на скенирани АКП, алгоритам за геореференцирање на АКП и средна квадратна грешка на геореференцирање.
24. Регистар на геореференцирани ДКПР.
25. Датотеки за чување на ДКПР.
26. Промена на содржината на ДКПР и промена на геометрија.
27. Изработка на дигитални катастарски планови во векторска форма (во натамошниот текст: ДКПВ) - Начин на изработка на ДКПВ.
28. Хардверска и софтверска платформа при изработка на ДКПВ.
29. Содржина и организација на податоците од ДКПВ, формат на ДКПВ.
30. Датотеки за чување на ДКПВ.
31. Посреден начин на изработка на ДКПВ -Векторизација на ДКПР, предмет на векторизација.
32. Основи за векторизација на ДКПР.
33. Непосреден начин на изработка на ДКПВ.
34. Нумерирање на катастарските парцели и испишување на броевите и симболите на катастарските парцели, нумерирање и испишување на броеви и симболи на згради.
35. Контрола на квалитетот на ДКПР и контрола на квалитетот на ДКПВ.
36. Контрола на геометриски форми на ДКПВ, контрола на тематската содржина на ДКПВ, контрола на тополошка конзистентност на ДКПВ.
37. Записник од извршена контрола на ДКПВ.
38. Споредување на описните податоци од ДКПВ со податоците од електронската база на податоци.
39. Надополнување на ДКПВ.
40. Пресметување површини, дозволена разлика во површините при дигитализација.
41. Разлики во површини кои се во граница на дозволено отстапување и разлики во површини кои се надвор од дозволеното отстапување.
42. Потврда за дигитална површина и запишување во сразмерен идеален дел.
43. Процес на интеграција.
44. Решение за стапување во примена на ДКПВ.
45. Одржување на ДКПВ.
46. Основни геометриски елементи на ПИО.
47. Дефинирање на инфраструктурните објекти на ПИО.
48. Содржина на ПИО.
49. Одобрување и одржување на ПИО.
50. Начин на изработка на ПИО.
51. Хардверска и софтверска платформа.
52. Геометрија на инфраструктурните објекти.
53. Организација на податоците за инфраструктурните објекти во електронска база на податоци.
54. Означување на инфраструктурните објекти и нивна графичка визуелизација.

55. Формат на податоци за инфраструктурни објекти.
56. Контрола на квалитетот на просторните податоци, контрола на квалитетот на описните податоци.
57. Контрола на тополошка конзистентност на ПИО.
58. Записник од извршена контрола на дигитални планови на инфраструктурни објекти во векторска форма (во натамошниот текст: ДПИОВ).
59. Одржување на ДПИОВ.
60. Податоци на геодетските планови.
61. Изработка на геодетски планови.

ПРОПИСИ:

- Закон за катастар на недвижности со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14 и 115/14);
- Правилник за катастарски планови и планови на инфраструктурни објекти со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 139/13 и 183/14).

III. ПРЕМЕР, ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ, ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ И ЕЛЕКТРОНСКИ ДЕЛОВОДНИК

1. Предмет, цел и точност на премерот.
2. Премер на државната граница, меѓудржавно усогласување и одржување на граничните точки.
3. Вршење на премер по барање на странка и по службена должност.
4. Методи за прибирање просторни податоци за недвижностите.
5. Податоци што се користат при премерот на недвижностите.
6. Теренска скица на премерување на катастарска парцела.
7. Премер на катастарска парцела.
8. Единствен идентификатор на катастарска парцела.
9. Премер на основа на згради и други објекти, премер на конзоли, премини, мерење на фронтови, премер на земјиште под истечни и стојни води, премер на земјиште под површински сообраќајни инфраструктурни објекти.
10. Премер на земјиште под базени и рибници, како и површински канали и регулирани речни корита, премер на земјиште под други објекти, премер на инфраструктурни објекти поставени на стопа.
11. Премер на границите на катастарска култура.
12. Катастарско класирање – катастарска култура и класа, утврдување и промена.
13. Прибирање на просторни и описни податоци на згради, посебни и заеднички делови од згради и други објекти.
14. Единствен идентификатор за згради, посебни и заеднички делови на згради и други објекти.
15. Намена на згради и други објекти.
16. Намена на заеднички делови на зграда.
17. Начин на премерување на внатрешна површина на зграда, посебни и заеднички делови на зграда.
18. Начин на премерување на објекти со отворена површина, на посебни гаражни места и на други објекти и определување катност на зграда.
19. Скица на премерување на згради, посебни и заеднички делови на згради и други објекти.
20. Просторни и описни податоци за инфраструктурните објекти.

21. Единствен идентификатор за инфраструктурните објекти.
22. Основна класификација и подкласификација на инфраструктурните објекти.
23. Премер на сообраќајна инфраструктура, водоводна инфраструктура, канализациона инфраструктура, енергетска инфраструктура.
24. Премер на електронско комуникациска инфраструктура и друг вид на инфраструктура.
25. Начини на откривање на подземни инфраструктурни објекти и теренска скица на премерување на инфрструктурен објект.
26. Геодетски елаборати за премер на катастарски парцели, згради, посебни и заеднички делови на згради и други објекти – видови, форма и содржина.
27. Геодетски елаборати за премер на инфраструктурни објекти – видови, форма и содржина.
28. Класичен премер со поларна метода.
29. Премер со метода на глобално сателитско позиционирање (GNSS метода).
30. Премер со аерофотограметриска метода.
31. Премер со нивелманска метода.
32. Формат, потпишување, ставање печат и прошивање на геодетскиот елаборат.
33. Опфат на извршување на геодетските работи за посебни намени и видови геодетски работи за посебни намени.
34. Податоци што се користат при извршувањето на геодетските работи за посебни намени.
35. Канцелариски геодетски работи за посебни намени.
36. Видови, форма и содржина на геодетските елаборати за посебни намени.
37. Работи што ги вршат трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи и услови потребни за вршење на геодетските работи.
38. Странски правни лица и странски овластен геодет.
39. Геодетски работи што може да ги врши овластениот геодет.
40. Полагање на испит за стекнување на овластување за овластен геодет - издавање, продолжување и потврдување на овластување за овластен геодет.
41. Должности на овластениот геодет.
42. Престанок на овластување за овластен геодет.
43. Одземање на овластување за овластен геодет.
44. Стекнување на ново овластување за овластен геодет.
45. Осигурување од одговорност за штета.
46. Лиценца за вршење на геодетски работи.
47. Престанок на важење на лиценца за вршење на геодетски работи.
48. Услови за работа на подружница.
49. Должности на трговецот поединец овластен геодет и трговското друштво за геодетски работи.
50. Заверка/одобрување/спроведување на геодетски елаборати.
51. Комора на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, овластувања на Комората.
52. Надлежност на Собранието на Комората.
53. Управен одбор на Комората.
54. Електронски деловодник.

ПРОПИСИ:

- Закон за катастар на недвижности со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14 и 115/14);

- Правилник за премер на недвижности со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 121/13 и 169/13);
- Правилник за начинот на катастарското класирање и утврдувањето и запишувањето на промената на катастарската култура и класа на земјиштето („Службен весник на Република Македонија“ број 144/13);
- Правилник за геодетски работи за посебни намени со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 159/13, 88/14, 110/14, 132/14 и 56/15);
- Правилник за овластување за овластен геодет („Службен весник на Република Македонија“ број 132/13);
- Правилник за лиценца за вршење на геодетски работи („Службен весник на Република Македонија“ број 132/13).

IV. КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ И УРЕДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО НЕДВИЖНОСТИ:

1. Поим на катастарот на недвижности, јавност на податоците во катастарот на недвижности и катастарот на недвижности како дел од Геодетско катастарскиот информационен систем (во натамошниот текст: ГКИС).
2. Содржина на катастарот на недвижности и Збирка на исправи.
3. Начела на катастарот на недвижности.
4. Изземање на службено лице и откажување од пријавата за запишување.
5. ГКИС- поим, содржина, начин на користење, дистрибуција, пристап, издавање, чување и заштита на податоците.
6. Податоци кои се издаваат од катастарот на недвижности.
7. Содржина на Имотен лист и на Имотен лист за инфраструктурни објекти.
8. Содржина на Лист за предбележување на градба и на Лист за предбележување на инфраструктурни објекти.
9. Содржина на Евидентен лист и Евидентен лист на инфраструктурни објекти.
10. Видови запишување во катастарот на недвижности: укнижување, предбележување и прибележување.
11. Правни основи за запишување во катастарот на недвижности.
12. Исправи за запишување во катастарот на недвижности.
13. Услови за запишување во катастарот на недвижности.
14. Востановување на катастар на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности.
15. Опфат на одржување на катастарот на недвижности.
16. Запишување на недвижности со незапишани права - поднесување на пријава и начин на постапување по пријавата.
17. Споредување на податоците.
18. Разлики во површините на катастарските парцели.
19. Запишување на податоци за корисна површина.
20. Опфат на запишување промени во катастарот на недвижности.
21. Споредување на податоци и запишување на промени со геодетски елаборат.
22. Предбележување на идна градба.
23. Отстранување на грешки во катастарот на недвижности.
24. Ажурирање на податоци по пријава на странка и по службена должност.
25. Ажурирање на податоци за внатрешна површина.
26. Содржина на изјавата заверена кај нотар.
27. Отстапување на податоци за корисна површина.
28. Запишување на катастарски парцели со повеќе катастарски култури и класи.

29. Запишување/промени во катастарот на недвижности за кои во катастарот на земјиште постоеле фиктивни евиденции.

30. Доставување на пријави за запишување од страна на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи.

31. Видови градби и органи надлежни за издавање на одобрение за градење.

32. Поведување постапка од надлежен орган за предбележување на градби во катастарот на недвижности.

33. Промени во текот на градбата.

34. Запишување на објект во јавната книга.

35. Отстранување на објект.

36. Прибележување на предлог за експропријација.

37. Прибележување на закуп на земјоделско земјиште во катастарот на недвижности.

38. Објекти на земјоделско земјиште и нивно запишување во катастарот на недвижности.

39. Приватизација на градежно земјиште во државна сопственост.

40. Стекнување правен статус на бесправен објект и запишување во катастарот на недвижности.

41. Отуѓување на градежно земјиште - изготвување на геодетски елаборат.

42. Закуп на градежно земјиште - изготвување на геодетски елаборат.

43. Видови геодетски елаборати согласно со Законот за градежно земјиште.

44. Градежно изградено и градежно неизградено земјиште.

45. Урбанистичките планови и урбанистичко планската документација и Регистарот за градежно земјиште.

ПРОПИСИ:

- Закон за катастар на недвижности со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14 и 115/14);

- Правилник за формата и содржината на барањето/потврдата за изземање на службено лице, формата и содржината на барањето/потврдата за откажување од пријавата за запишување/спроведување промени во катастарот на недвижностите, начинот на издавање, како и за формата и содржината на податоците кои се издаваат на обрасци од катастарот на недвижности со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 144/13 и 64/14);

- Правилник за начинот на користење, дистрибуција, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од Геодетско катастарскиот информационен систем („Службен весник на Република Македонија“ број 132/13);

- Правилник за запишување на инфраструктурните објекти со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 64/14, 183/14 и 56/15);

- Правилник за одржување на катастарот на недвижностите со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 151/13 и 8/15);

- Закон за градење со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14 и 44/15);

- Закон за експропријација со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 131/12, 24/13 и 27/14);

- Закон за земјоделското земјиште со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14 130/14 и 166/14);

- Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14 и 144/14);
- Закон за постапување со бесправно изградени објекти со сите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14 и 199/14);
- Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/15).
- Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 199/14 и 44/15).

Член 4

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-8672/1
3 јуни 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова**, с.р.